Стр.

5132. **Одлука** за давање согласност на Правилата за условите за користење на Технолошко индустриската развојна зона „Струга“ и Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Струга“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Струга“.. 12
5133. **Одлука** за давање согласност на Правилата за условите за користење на Технолошко индустриската развојна зона „Берово“ и Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Берово“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Берово“.. 12
5134. **Решение** за утврдување престанок на должноста претставници и за определување претставници во Управниот одбор на Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија ........ 12
5135. **Правилник** за начинот на спроведување на постапката за прием на кандидати за офицери, односно подофицери, професионални војници и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија.. 13
5136. **Список** на поставени постојани судски преведувачи ........ 14
5137. **Решение** за давање согласност на Статутот на ЈУ Центар за социјална работа Кичево ........ 20
5138. **Одлука** за поништување на службена легитимација на јавните обвинители и членовите на Советот на јавните обвинители на Република Македонија ........ 20
5139. **Одлука** од Советот на Јавните обвинители на Република Македонија . 20
5140. **Оглас** од Советот на Јавните обвинители на Република Македонија ..... 20
5141. **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.... 21
5142. **Договор** за меѓуопштинска соработка склучен помеѓу Општина Битола и Општина Могила........ 23
5143. **Пречистен текст** на Статут на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот истем, во државна сопственост, Скопје........ 23
5144. **Објава** за движењето на индексот на цените на мало во Република Македонија за месец октомври 2014 година........ 28
**Огласен дел**........ 1-68

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**5121.**

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 19 и 20 од Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 85/14), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 10 ноември 2014 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ПРАТЕНИЧКИ ГРУПИ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА СОРАБОТКА СО ПАРЛАМЕНТИ НА ДРУГИ ДРЖАВИ И ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ И ЧЛЕНОВИ НА ПРАТЕНИЧКИТЕ ГРУПИ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА СОРАБОТКА СО ПАРЛАМЕНТИ НА ДРУГИ ДРЖАВИ

Член 1

Во Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентите на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави („Службен весник на Република Македонија“ број 100/14, 104/14, 111/14 и 148/14) во членот 3 во точката 18. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Јапонија под б) членови, во точката 6. се додаваат зборовите „Антонијо Милошоски“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4210/1
10 ноември 2014 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

---

**5122.**

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Македонија и членот 3 од Одлуката за основање Национален совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија“ број 140/07 и 91/11), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 10 ноември 2014 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ, ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ, ЧЛЕНОВИ И ЗАМЕНИЦИ - ЧЛЕНОВИ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

I. Во Одлуката за именување на претседател, потпретседател, членови и заменици - членови на Националниот совет за евроинтеграции ("Службен весник на Република Македонија“ број 100/14 и 114/14), во точката I., под в) за членови, во точката 5 се додаваат зборовите; „Солза Грчева, пратеник во Собранието на Република Македонија“.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4211/1
10 ноември 2014 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

**5123.**

Врз основа на членот 12 ставови 2, 3 и 4 од Законот за државните награди, ("Службен весник на Република Македонија" број 52/2006, 54/2007 и 74/12), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 10 ноември 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА НАГРАДА „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"**

I. Се разрешуваат досегашниот претседател и членовите на Одборот за доделување на државната награда „Гоце Делчев", и тоа:

а) претседателот
Академик Владо Камбовски.

б) членовите:
1) проф. д-р Бранислав Саркањац,
2) проф. д-р Тања Каракамишева,
3) проф. д-р Тодор Чепреганов,
4) проф. д-р Братислав Станковиќ,
5) проф. д-р Борче Илиев,
6) проф. д-р Весна Јаневска,
7) проф. д-р Васил Костов,
8) проф. д-р Зехра Хајрулаи Муслиу,
9) проф. д-р Илија Каров,
10) проф. д-р Атанас Кочов,
11) проф. д-р Драган Дамјановски и
12) проф. д-р Донка Донева.

II. За претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда „Гоце Делчев" се именуваат:

а) за претседател
Академик, Владо Камбовски, претседател на МАНУ- Скопје,

б) за членови:
1) проф. д-р Тања Каракамишева, од Правниот факултет - Скопје;
2) проф. д-р Авзи Мустафа, од Филолошки факултет - Скопје;
3) проф. д-р Виолета Ачкоска, од Филозофски факултет - Скопје;
4) проф. д-р Веселинка Лаброска, од Институт за македонски јазик - Скопје;
5) проф. д-р Радмил Поленаковиќ, од Машински факултет - Скопје;
6) проф. д-р Мефаил Таири, од Државен универзитет Тетово;
7) проф. д-р Владо Матевски, од МАНУ- Скопје;
8) проф. д-р Татјана Пачемска, од Универзитет „Гоце Делчев" - Штип;
9) проф. д-р Розалинда Исјановска, од Медицински факултет - Скопје;
10) проф. д-р Зехра Хајрулаи Муслиу, од Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје;
11) проф. д-р Мира Јанкуловска, од Стоматолошки факултет - Скопје и
12) проф. д-р Драги Данев, од Земјоделски факултет - Скопје.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4212/1
10 ноември 2014 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

**5124.**

Врз основа на Амандман XII став 3 од Уставот на Република Македонија, а во врска со членот 4 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците („Службен весник на Република Македонија" број 150/07), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 10 ноември 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА КОМИТЕТОТ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ**

I. За член на Комитетот за односи меѓу заедниците од редот на Влашката заедница во Република Македонија, се избира:
- м-р Мите Костов.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4213/1
10 ноември 2014 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

**5125.**

Врз основа на член 158-ѓ од Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 27/2002, 79/2007 88/2008, 67/10, 44/11, 188/13, 43/14 и 112/14), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 10 ноември 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ЕКСПЕРТИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ**

1. За претседател и член на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување се именуваат:

а) за претседател
- д-р Климе Попоски, досегашен претседател на Советот на експерти на Агенцијата.

б) за член:
- Зоран Стојановски, досегашен член на Советот на експерти на Агенцијата.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4214/1
10 ноември 2014 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.